**Огласи**

# О Г Л А С И

Врз основа на член 231 став 11, 12, 13, 14, 15 и 16, член 231-а, 231-б, 231-в, 231-г, 231-д, 231-ѓ, 231-е и 231-ж од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Одлуките бр.02-427/3 од 10.6.2013 година и 02-859/4 од 17.10.2019 година на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Велес и согласностите од Министерство за здравство бр.22-4785/2 од 27.6.2013 и бр.09-7606/2 од 6.11.2019, Комисијата за јавно наддавање на ЈЗУ Здравствен дом Велес, објавува

## О Г Л А С
## ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР ВО ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВЕЛЕС СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1. ЗАКУПОДАВЕЦ: ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВЕЛЕС

2. ПРЕДМЕТ НА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП:

2.1 Предмет на издавање под закуп е просторот во ординации на ЈЗУ Здравствен дом Велес, заради вршење на здравствена дејност, наведен во табелата што следи, со почетна цена без ДДВ (колона 4), и тоа:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Предмет на издавање под закуп | Локација | Квадратура | Почетна цена на закупнина (денари) | Висина на депозит (денари) |
| 1. Простор на ординација по општа медицина-ЈЗУ Здравствен дом Велес | Село Богомила | Ординација 24.3 $м^2$ Заеднички простор-чекална 12.8 $м^2$ | 1503 | 18.036 |
| 2. Простор на ординација по општа стоматологија-ЈЗУ Здравствен дом Велес | ЈЗУ Здравствен дом Велес, ул.„Шефки Сали“ бр.5 Велес | Ординација 16 $м^2$ Заеднички простор-чекална 12 $м^2$ | 3360 | 40.320 |
| 3. Простор на ординација по општа стоматологија-ЈЗУ Здравствен дом Велес | ЈЗУ Здравствен дом Велес, ул.„Лазо Осмаков„ бр.14 Велес | Ординација 28 $м^2$ Заеднички простор-чекална 12 $м^2$ | 4800 | 57.600 |

2.2. Просторот предмет на издавање под закуп со јавно наддавање, може да се види со претходна најава и во присуство на претставник од Комисијата за спроведување на постапката, секој работен ден од 9:00 до 14:00 часот.

2.3 Услови за давање под закуп: Просторот предмет на издавање под закуп назначен во точка 2.1 се издава под следните услови:

- Намената на просторот е за вршење на соодветната здравствена дејност наведена во огласот;
- Закупецот не може да ја промени дејноста за која се издава закупот, не може да го издава просторот во подзакуп и не може да припојува други сосновачи;
- Закупеците немаат обврска да преземат здравствен работник со средно образование;
- Трошоците за инвестиции паѓаат на товар на закупецот и кон истите може да се пристапи по претходно писмено одобрение од Здравствениот дом;
- Во слечај на дефект во просторот издаден под закуп, трошоците за отстранување на дефектот ќе ги сноси закупецот на просторот каде што е дефектот;
- Закупецот се обврзува плаќањето на закупнината да биде месечно по добивањето на фактура од Здравствениот дом за тековниот месец, најдоцна до 15 наредниот месец.
- Цената на закупнината е постигнатата цена на јавното наддавање, зголемена со ДДВ, во периодот кога закуподавачот е даночен обврзник.
- Во случај на згаснување на здравствената установа или неможност за подмирување на закупнината и комуналиите, обврските ги презема основачот на ПЗУ.

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

3.1. Право на учество на јавното наддавање имаат:

- Физички лица-доктори по општа медицина (за ординации-реден број 1) и доктори на стоматологија (за ординации-реден број 2 и 3) кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за здравствена заштита и да имаат лиценца за работа; и

-Правни лица-приватни здравствени установи основани и регистрирани за вршење на здравствена дејност од содветната област.

3.2. Депозит - Право на учество на јавното наддавање имаат само лицата кои ќе достават доказ-уплатница дека уплатиле депозит за учество во наддавање во висина на износот наведен во колона 5 на табелата од точка 2 на трезорската сметка на ФЗОМ и тоа: Банка на примачот: НБРМ, Сметка: 100 000000066005, сметка на корисник: 6602901901 531 89, Приходна шифра и програма 723911 00, со цел на дознака депозит за учество на јавното наддавање за закуп на простор под реден број ___- ординација по __________.

3.3. Лицата кои не извршиле навремена уплатата и не доставиле навремена и комплетна пријава, немаат право на учество во јавното наддавање.

3.4. Уплатениот паричен депозит од најповолниот наддавач се засметува во постигнатиот износ на закупнината.

4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

4.1 Заинтересираните лица треба да поднесат Пријава за учество на јавното наддавање, во затворен плик со назнака за јавно наддавање за закуп на простор, во ЈЗУ Здравствен дом Велес, ул.„Шефки Сали“ бр.5 Велес. Образецот на пријава може да се подигне од Архивата на ЈЗУ секој работен ден од 8:00 часот до 14:00 часот.

Со пријавата заинтересираните лица треба да доставаат:

ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит;
- Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3 на Огласот;
- Доказ за завршено образование (оригинал или копија заверена на нотар);
- Лиценца за работа (оригинал или копија заверена на нотар);
- Уредно полномошно за застапување во случај на учество преку полномошник.

ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит;
- Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3 на Огласот;
- Доказ за регистрација на правното лице во Централниот регистар на Република Северна Македонија (не постар од шест месеци, оригинал или копија заверена на нотар);
- Решение со кое се дава дозвола за почнување со работа на здравствената установа од Министерството за здравство на Република Северна Македонија;
- Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својство на овластено одговорно лице на правното лице.

Некомплетните пријави ќе бидат одбиени, односно нема да бидат предмет на понатамошно разгледување.

Пријавите за учество треба да се доставаат најдоцна до рокот предвиден за јавно наддавање, 29.11.2019 година во 9:00 часот.

**Огласи**

5. ДЕН, ЧАС И МЕСТО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Усното јавно наддавање ќе се одржи во просториите на ЈЗУ Здравствен дом Велес, ул.„Шефки Сали“ бр.5 Велес, Уред, 3 кат:

на ден 29.11.2019 година во 9:00 часот

6. ПОСТАПКА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

6.1.Постапката за јавно наддавање ја спроведува Комисија за јавно наддавање на ЈЗУ Здравствен дом Велес. На денот на јавното наддавање, можат да учествуваат само лицата кои ги исполнуваат условите од Огласот и на чие име гласи уплатениот депозит, односно физички лица и овластено лице на ПЗУ. Учесниците својот легитимитет за учество во наддавањето го потврдуваат со важечка лична исправа и уредно полномошно за полномошниците.

6.2. Јавното наддавање започнува со јавно соопштување на почетната цена утврдена во колона 4 на табелата од точка 2 од Огласот.

6.3. Наддавањето се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој чекор, за износ не помал од 100 денари.

6.4. Учесникот во наддавањето кој понудил највисока цена која и по три пати соопштена не е наддадена од друг учесник, се стекнува со статус најповолен наддавач.

6.5. Со статус на најповолен понудувач може да се стекне и учесник кој на јавното наддавање се јавил како единствен наддавач, кој ги исполнил и прифаќа условите од огласот и ја наддаде почетната цена најмалку за еден чекор.

6.6. Со најповолниот понудувач, ЈЗУ Здравствен дом Велес во рок од пет работни дена ќе склучи договор за закуп на просторот - предмет на јавното наддавање. Со договорот за закуп поблиску ќе се определат правата и обврските од закупениот однос. На договорот за закуп соодветно се применуват одредбите од Законот за облигациони односи.

6.7. На учесниците на наддавањето што не добиле статус на најповолни наддавачи, средствата уплатени како депозит ќе им бидат вратени во рок од 8 (осум) дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

6.8. Доколку најповолниот наддавач во рок од 15 дена од доставувањето на договорот за закуп, не го склучи договор за закуп, уплатените паричните средства на име депозит за учество не му се враќаат. Во овој случај со статус на најповолен наддавач ќе се стекне учесникот кој по редослед е следнорангиран наддавач, што ги исполнува условите од огласот и ја наддал почетната цена на јавното наддавање и со истиот ќе се пристапи кон склучување на договор за закуп.

6.9. Со склучувањето на Договорот за закуп на простор склучен помеѓу ЈЗУ Здравствен дом Велес, физичкото или правното лице, избран за најповолен понудувач согласно спроведената постапка, не се стекнува по автоматизам и со лиценца за вршење на дејност во мрежата на здравствени установи.

Склучувањето на договор за лиценца за вршење дејност во мрежата на здравствени установи се стекнува исклучиво по спроведена постапка што се води во Министерството за здравство согласно со Законот за здравствена заштита и според потребите за вршење на здравствена дејност утврдени во Уредбата мрежата на здравствени установи.

Согласно со претходното, лицето кое се стекнало со статус на најповолен понудувач и кое склучило договор за закуп може да врши здравствена дејност во просторот издаден под закуп, само доколку ПЗУ основана по основ на закуп склучи договор за лиценца за вршење здравствен дејност во ммрежата на здравствени установи со Министерство за здравство, добие дозвола за работа од Министерство за здравство и склучи договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

6.10. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од оддржување на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од пет дена од приемот на приговорот. Против решението на комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за оддлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

6.11. Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на огласната табла во ЈЗУ Здравствен дом Велес.

6.12. Подетални информации и увид на предметот на јавното наддавање со претходна најава може да се добијат на тел. 043/ 225-308.

Комисија за јавно наддавање

---

ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ МАКЕДОНСКИ БРОД

Врз основа на член 231 ставовите 11,12,13,14,15 и 16 од Законот за здравствена заштита („Сл. весник на РМ“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 10/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 31, 32, 51 и член 70 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост („Сл. весник на РМ“ бр.8/2005, 150/07 и 35/20011/, Одлуката бр. 02-270/5 од 07.11.2019 година на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод,како и дадената согласност на одлуката од страна на Министерството за здравство бр.09-7210/2 од 8.11.2019 година, Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод, објавува

О Г Л А С
ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР И ОПРЕМА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА СО ЈАВНО НАДАВАЊЕ, ЛОКАЦИЈА: ПРИ ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ МАКЕДОНСКИ БРОД

1. ЗАКУПОДАВЕЦ: ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод

2. ПРЕДМЕТ НА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП

Предмет на издавање под закуп Ординација по општа медицина на ниво примарна здравствена заштита во ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод, со почетна цена без ДДВ како во колоната 3 од табелата и тоа:

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Простор за вршење на здравствена дејност по општа медицина, ниво на примарна здравствена заштита | | | |
| **Локација: с. Преглово Општина Пласница** | | | |
| Р.Б. | Предмет на издавње под закуп | Почетна цена (денари) | Висина на депозит (денари) |
| 1 | Ординација по општа медицина | 7.214 | 86.604 |

Просторот предмет на издавање под закуп-јавното надавање може да се види секој ден од 9:00 до 13:00 часот, со претходна најава и присуство на претставник од комисијата за спроведување на постапката.

2.3. Условите за давање под закуп: Просторот предмет на издавање под закуп назначен во точка 2.1. се издава под следните услови:

- Намената на просторот е за вршење на:

1. За вршење на здравствена дејност по општа медицина на ниво на примарна здравствена заштита

**Огласи**

- Закупецот не може да ја промени дејноста за која се издава закупот, не може да го издава во под закуп и не може да припојува други сосновачи.

- Трошоците за инвестиции паѓаат на товар на закупецот и кон истите може да се по претходно писмено одобрение од ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод.

- Во случај на дефект во просторот издаден под закуп,трошоците за отстранување на дефектот ќе ги сноси закупецот на просторот каде што е дефектот.

- Закупецот се обврзува плаќањето на закупнината да биде месечно по добивањето на фактурата од Здравствен дом најдоцна до 15 наредниот месец за тековниот месец.

- Во случај на засновање на здравствената установа или неможност за подмирување на закупнината, обврските ги презема основачот на ПЗУ.

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавно надавање имаат:

- физичко лице-дипл.доктор по медицина, кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за здравствена заштита, да имаат завршено високо образование /Медицински факултет/ и да има лиценца за работа.

- правни лица-приватна здравствена установа и регистрирана за вршење на здравствена дејност-аптека,кои пет дена пред одржување на јавното надавање ќе достават пријава во која е содржана изјава дека ги прифаќа условите од точка 2.3., документацијата од точка 4.1 на огласот, на адреса ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод најдоцна до 14 часот.

3.2.Депозит- Право на учество на јавното надавање имаат само лица кои ќе достават депозит за учество во надавањето во висина на износот наведен во колона 4 на табелата од точка 2.1 на трезорска сметка на ФЗОМ и тоа: Банка на примачот: НБРМ, Сметка 10000000-0066005, Сметка на корисник 660030002253144,Приходна шифра и програма 725 939 00 со цел на дознаката депозит за учество на јавно надавање за закуп на простор и опрема на ординација на примарно ниво за општа медицина при ЈЗУ здравствен дом Македонски Брод.

3.3. Уплатата извршена спротивно на точка 3.2 се смета за неисправна и лицата кои не ја извршиле навремено уплатата и не доставиле пријава согласно со точка 3.1 немаат право на учество во јавното надавање.

3.4. Уплатениот паричен депозит од наведениот наддавач се засметува во закупнина.

4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНОТО НАДАВАЊЕ

4.1. Заинтересираните лица треба да поднесат пријава за учество на јавното надавање,во рок утврден во точка 3.1 во затворен плик со назнака за јавно надавање за закуп на простор за вршење на здравствена дејност по општа при ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод. Образецот на пријавата може да се подигне од Архивата на ЈЗУ секој ден од 08 часот до 15 часот.

Со пријавата заинтересираните лица треба да доставаат:

ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит

- Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3 на Огласот

- Фотокопија од важечка лична исправа /лична карта или пасош/

- Доказ за завршено образование /оригинал или заверена на нотар/

- Лиценца за работа /оригинал или копија заверена на нотар/

- уредно полномошно за застапување во случај на учество пред полномошник.

ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит

- Изјава дека ги прифаќа условите од точка 2.3 на Огласот

- Доказ за регистрација на правно лице во Централен регистар на РМ / не постар од 6 месеци/

- Решение со кое се дава дозвола за почнување со работа на здравствена установа од Министерството за здравство на РМ

- Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице,односно доказ за својство на овластено лице на правното лице.

5. ДЕН, ЧАС И МЕСТО НА ЈАВНОТО НАДАВАЊЕ

Усното јавно надавање ќе се одржи и тоа:

На ден 22.11.2019 година (петок) во 12 часот во ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод.

6. ПОСТАПКА ЗА ЈАВНОТО НАДАВАЊЕ

6.1. Постапката за јавно надавање ја спроведува Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод. На денот на јавното надавање, можат да учествуваат само физичкото лице односно овластеното лице на ПЗУ кои ги исполнуваат условите од огласот и на чие име гласи уплатениот депозит. Учесниците својот легитимитет за учество во надавањето го потврдуваат со важечка лична исправа и уредно полномошно од полномошниците.

6.2. Јавното надавање започнува со јавно соопштување на почетната цена утврдена во колоната 3 на табелата од точка 2.1 од Огласот.

6.3. Надавањето се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој чекор, за износ не помал од 100 денари.

6.4. Учесникот во надавањето кој понудил највисока цена која и по три пати соопштена не е наддадена од друг учесник, се стекнува со статус најповолен наддавач.

6.5. Со статус на најповолен понудувач може да се стекне и учесник кој на јавното надавање се јавил како единствен наддавач, кој ги исполнил и прифаќа условите од огласот и ја наддаде почетната цена најмалку за еден чекор.

6.6. Со најповолниот наддавач ЈЗУ здравствен дом Македонски Брод ќе склучи договор во рок од пет дена за закуп на просторот-предмет на јавно надавање.Со договорот за закуп поблиски се определат правата и обврските и подмирување на струја ѓубретарина и хигиена од закупениот однос.

6.7 На учениците на надавањето што не добиле статус на најповолни наддавачи,средствата уплатени како депозит ќе им бидат вратени во рок од 8 дена од денот од јавното надавање.

6.8. Доколку најповолниот наддавач во рок од 15 дена од доставувањето на договорот за закуп, не склучен договор за закуп, уплатените парични средства на име депозит за учество не му се враќаат. Во овој случај со статус на најповолен наддавач ќе се стекне учесникот кој по редослед е следнорангиран наддавач,што ги исполнува условите од огласот и ја наддал почетната цена на јавното надавање и со истиот ќе се пристапи кон склучување на договор за закуп.

6.9. Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на РСМ“ и на огласната табла во ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод.

6.10. Огласот трае 8 (осум) дена.

6.11 Подетални информации и увид на предметот на јавното надавање со предходна изјава може да се добијат на тел.045/ 274 838 и 070/ 694 545. Лице за контакт Луме Адемоглу.

Комисија за располагање со недвижни и
движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом
Македонски Брод

## Огласи

ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на чл. 84, ст.3 од Законот за општата управна постапка, Сектор за контрола и истраги – Одделение за контрола на трговски друштва при Царинската управа на Република Северна Македонија врши

J А В Н А  О Б J А В А
ЗА ДОСТАВА НА НАЛОГ ЗА НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА

Царинската управа на Република Северна Македонија, Одделението за контрола на трговски друштва му соопштува на наведеното лице, дека има донесено налог за извршување на надворешна контрола кој не е во состојба да го достави затоа што седиштето на странката е непознато за органот чие писмено се доставува и тоа:

1. Налог за надворешна контрола на Царинска управа број 18-074078/19-0002 од 10.10.2019 година за МОТОЦЕНТАР ГРУП ДООЕЛ од Скопје, со единствен даночен број 4043009502667, со седиште на адреса ул. „Перо Наков“ б. б.

Се повикува горенаведеното лице во својство на странка, во рок од десет (10) дена од денот на објавувањето, да се јави за прием на налогот во просториите на Царинска управа на Република Северна Македонија-Сектор за контрола и истраги, Одделение за контрола на трговски друштва, ул. „Лазар Личеноски“ бр.13, Скопје секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

Предупредување:

Согласно со член 84, став 6 од Законот за општа управна постапка овој начин на доставување се смета за уредна достава и сите негативни последици кои можат да настанат, ги сносат самите странки.

Царинска управа на Република Северна Македонија